Република Македонија
**Министерство за локална самоуправа**
**Биро за регионален развој**

Бр. 04-783/1
03.10.2018

Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2 3121 350
Факс: (02) 2 3126 411
Сајт: www.brr.gov.mk

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) директорот на Бирото за регионален развој донесе

# ОДЛУКА
## за невршење на избор на кандидат по интерен оглас бр. 01/2018 во Бирото за регионален развој

1. За работно место 4: УПР 01 01 В01 000 Советник за обработка на проекти, Одделение за прибирање на проекти, Сектор за имплементација на проекти и следење на користењето на средствата за регионален развој – 1 извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страницата на Бирото за регионален развој.

## Образложение

Директорот на Бирото за регионален развој по добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-9430/2 од 24.08.2018 година поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници бр. 04-740/1 од 11.09.2018 година. Постапувајќи по барањето на ден 17.09.2018 година на својата веб страна и на веб страната на Агенцијата за администрација објави интерен оглас бр. 01/2018 за пополнување на девет (9) работни места по пат на унапредувања

По објавениот интерен оглас, Бирото за регионален развој врз основа на член 50 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници. Комисијата при спроведување на постапката на административната селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас и состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр 04-740/9 од 26.09.2018 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју. Врз основа Записникот од работата

на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-740/10 од 01.10.2018 година на работно место 4: УПР 01 01 В01 000 Советник за обработка на проекти, Одделение за прибирање на проекти, Сектор за имплементација на проекти и следење на користењето на средствата за регионален развој – 1 извршител, се констатира дека кандидатот Лидија Марков не се појави на интервју.

Врз основа на наведеното, Директорот на Бирото за регионален развој донесе одлука за избор како во диспозитивот.

Врз основа на наведеното Директорот на Бирото за регионален развој донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката да поднесе жалба до Агенцијата за администарција.

Директор,
Ramiz Rexhepi

Изработил: Ивана Петрова Давидовска
Контролирал: Снежана Толовска

ДОСТАВЕНО ДО:

-архива